Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА - ТИКВЕШ експорт-импорт
Бр. 0202-872/4
06.03 2024

Врз основа на член 64 од Статутот на Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА –ТИКВЕШ експорт –импорт АД – Кавадарци Управниот Одбор на седница одржана на ден 06.03.2024 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за прифаќање на Предлог одлука што ќе биде приложена за разгледување, усвојување и донесување на Вонредното Собрание на на акционерите на ВВ - ТИКВЕШ АД – Кавадарци**

1. По разгледување на Предлог одлуката приложена за разгледување, усвојување и донесување на Вонредното Собрание на на акционерите на ВВ - ТИКВЕШ АД – Кавадарци се утврдува и усвојува текстот на следната предлог одлука

*„Врз основа на член 31 од Статутот – пречистен текст октомври 2020 година на Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА-ТИКВЕШ експорт-импорт АД-Скопје со ЕМБС 5275890 ( Во понатамошен текст: Друштвото) и член 456 и 457 од Законот за трговски друштва, Собарнието на седницата одржана на ден 08.04.2024 година ја донесе следната:*

***ОДЛУКА***
***за пристапување кон долг***

*1. Се дава согласност Друштвото да пристапи кон:*
*- Договор за одобрување на долгорочен кредит со својство на извршност, под бр.02-140-49/2 од 26.01.2024 година, на износ до 775.000.000,00 денари, со сите негови измени и дополнувања;*
*- Договор за рефинансирање на побарувања на Банката под број 02-110-240/2 од 29.03.2019 година на износ до 426.250.000,00 денари, со сите негови измени и дополнувања;*
*- Договор за одобрување на долгорочен кредит под број 02-140-521/2 од 24.12.2019 година на износ до 7.400.000,00 денари, со сите негови измени и дополнувања,*
*склучени помеѓу Комерцијална Банка АД Скопје и Друштвото за инжинеринг и услуги М-6 ЕДЕН ДОО Скопје.*

*2. Се дава согласност Друштвото да акцептира и трасира по 1 (една) бланко сопствена акцептирана меница со менична изјава, уредена со Нотарски акт и клаузула за извршност.*

*3. Се овластува Генералниот директор на Друштвото ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци во име и за сметка на Друштвото да склучи и потпише договор за пристапување кон долг, Нотарските акти за меница и сета документација потребна за реализација на оваа Одлука.*

*4. Се овластува Друштвото да склучи соодветен договор со М-6 ЕДЕН ДОО Скопје, кој ќе обезбеди со секоја евентуална исплата од Друштвото врз основа на оваа Одлука да биде засновано соодветно побарување кон М-6 ЕДЕН ДОО Скопје.*

*5. Оваа Одлука е донесена согласно правилата за одобрување на голема зделка и правилата за зделка со заинтересирана страна предвидени во Законот за трговски друштва.*

*5. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.*

*Собрание на акционери*
*ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци*
*Претседавач:*
______________________"

2. Одлуката се доставува за разгледување, усвојување и одлучување на Вонредното Собрание на на акционерите на ВВ - ТИКВЕШ АД – Кавадарци.

3. Одлуката стапува на сила веднаш со донесувањето.

ВВ - ТИКВЕШ АД - Кавадарци
Претседател на Управен Одбор
Светозар Јаневски

ВИНАРСКА ВИЗБА - ТИКВЕШ експорт-импорт АД Кавадарци